

И З В Е Ш Т А Ј

од Јавната расправа на Националниот совет за евроинтеграции
по Предлогот на законот за здруженија и фондации,
одржана на 23 февруари 2010 година

Националниот совет за евроинтеграции согласно Мислењето за усвојување на правото на ЕУ во текот на 2010 година усвоено на Единаесетата седница одржана на 25 декември 2009 година, организираше Јавна расправа по Предлогот на законот за здруженија и фондации. Образложение за потребата за донесување на законот и објаснување на целите, начелата и основните решенија на предложениот закон даде Михајло Маневски, Министер за правда.

На јавната расправа, со свои дискусии, предлози, коментари и забелешки учествуваа Радмила Шекеринска претседател на Националниот совет за евроинтеграции, Силвана Бонева потпретседател на Советот, Димитар Мирчев и Александар Николоски членови на Советот, Сашо Клековски прв извршен директор на Македонски центар за меѓународна соработка, Кети Јандријеска Јованова претставник од Хелсиншки комитет за човекови права на Република Македонија, Ана Медарска претставник на Фондација институт отворено општество, Лидија Димова од Македонскиот центар за европско образование, Маријана Лончар Велкова од Организацијата на потрошувачи на Македонија, Виолета Кузмановска од Црвениот крст на Република Македонија, Дарко Алексов извршен директор на граѓанската асоцијација МОСТ и Суад Мисини од Истражувачкиот центар за граѓанско општество.

По Предлогот на законот за здруженија и фондации свои мислења, коментари и забелешки во писмена форма доставија Македонскиот центар за меѓународна соработка, Фондацијата институт отворено општество, Хелсиншкиот комитет за човекови права на Република Македонија,

организацијата "Отворете ги прозорците", организацијата КОНЕКТ, Фондацијата Фокус-Велес и еколошкото друштво Еко-мисија.

На почетокот на јавната расправа претседателот на Националниот совет за евроинтеграции **Радмила Шекеринска** укажа на целта на организирањето на јавните расправи согласно Анексот 2 од Мислењето на Советот за усвојување на правото на ЕУ за 2010 година. Според Мислењето на Националниот совет, законите треба да се разгледуваат во работна верзија, што не е случај со Предлог законот за здруженија и фондации. Целта на јавните расправи е да се зголеми инклузивноста во дебатите, зголемување на консултацијата со заинтересираните страни, граѓанското општество, и да се подобри квалитетот на законите кои се донесуваат во Собранието на Република Македонија.

Во дискусијата **Сашо Клековски,** прв извршен директор на Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС), ги изнесе следните мислења, предлози и забелешки:

- во однос на усогласеноста со меѓународните конвенции, законот во голем дел е усогласен со членот 11 од Европската конвенција за заштита на човековите права и основни слободи, како и со одлуките на Судот за човекови права. Најголем дел од одредбите на законот се усогласени со принципите и препораките на Советот на Европа за правниот статус на невладините организации во Европа и принципите. Помал дел од одредбите од законот треба дополнително да се усогласат. Донесувањето на Законот за здруженија и фондации е клучен дел од Стратегијата на Владата за соработка со граѓанскиот сектор. Неговото донесување ќе биде поттик за спроведување на Стратегијата.

- општа оценка на МЦМС е дека предложениот закон за здруженија и фондации јасно ги детерминира целите на предлагачот на законот, значително да придонесе кон слободата на здружување во Република Македонија. Според оценката на МЦМС, 77 од 110 предложени одредби од законот соодветно ги уредуваат правата и слободите и истите се доволно јасни и применливи. Исто така позитивно се оценети и девет членови од Предлог законот кои се однесуваат на правата и слободите, и истите се опфатени и со постојниот Закон. Во околу 23-24 предложени решенија може да се изврши подобрување на текстот или допрецизирање на одредбите.

-во членот 13 со кој се регулира непартиското делување на организациите е предвидено дека организациите не можат да вршат активности на политичка партија, односно не можат да обезбедуваат директно или индиректно финансирање на конкретна политичка партија и да влијаат на изборите. Потребно е допрецизирање на формулација со цел да се избегне широко толкување на поимот „влијание на избори", што може да ја попречи работата на голем број на организации кои се занимаваат со едукација на гласачи, јавни расправи и трибини со учество на партиите, набљудување на избори.

-предложениот закон е во насока на намалување на товарите и пречките за остварување на слободата на здружување и делувањето на

граѓанското општество. Се намалуваат административите пречки при регистрацијата на организационите облици на странските организации. Со одредбите од постојниот закон беше потребно мислење од Министерството за надворешни работи.

-Физичките и правните лица (домашни и странски лица), како и малолетни лица ќе можат под определени услови да основаат организации. Со регулирањето на правниот статус на организациите и со бришењето на казнените одредби за нерегистрирање, се дозволува неформалното здружување, што претставува важна придобивка на овој закон.

- за граѓанското општество најважни се измените во делот на подобрена одржливост и мерки за генерирање на ресурси. Предлог законот како и праксата од европските држави, дозволува организациите да остваруваат приходи, но истите мора да бидат искористени за целите на организацијата. Со ова решение се запазува начелото на непрофитност на организациите и ќе придонесе кон одржливоста на граѓанскиот сектор. Ваквото решение е значајно бидејќи светските искуства покажуваат дека 40-50% од приходите на граѓанското општество се од дејности поврзани со вршење на услуги за членовите, граѓаните и заинтересираните страни.

- најголема новина во законот е воведувањето на статусот на организации од јавен интерес, кој треба да ги поттикне да дејствуваат во подрачјата од јавен интерес. Овој концепт повеќе е развиен во западно европските држави, а во регионот воведен е во Бугарија, каде што надлежен орган за спроведување на статусот од јавен интерес е Министерството за правда, како и земји со форми на меѓународна управа, Косово и Босна и Херцеговина. Воведувањето на статус на организација од јавен интерес треба да води кон унапредување на работата на областите важни за севкупното општество, дејности од јавен интерес, а организациите што имаат повисоки стандарди за управување, да добијат поголеми поволности од државата. Статусот на организации од јавен интерес е само прв чекор што треба да доведе до други промени, во Законот за донации и спонзорства во јавните дејности и во законите со кои се уредува фискалната проблематика.

- предложениот закон овозможува широк и сеопфатен спектар на дејности од јавен интерес. Недоволно утврдените критериумите за здобивање на овој статус беа една од причините поради кои законот не бил донесен во 2005 година. Критериумите се подигнати, потребен е буџет од 1.500 евра годишно и не постои ограничување за периодот на делување, што значи дека и помали организации можат да се стекнат со статус на организација од јавен интерес.

- законот треба да води кон дополнителни даночни и царински олеснувања, а организациите да демонстрираат одредена даночна способност.

Статусот на организациите од јавен интерес според членот 79 од предложениот закон, ќе го определува Владата на Република Македонија Слично решение постои и во Естонија, праксата во земјите е различна. Потребно е да се зајакне позицијата на комисијата за организации со статус

на јавен интерес со цел да се зголеми нејзината транспарентност и да се намалат административните оптеретувања. Во однос на независноста во определувањето на статусот на организациите од јавен интерес, МЦМС смета дека:

- меѓу граѓанските организации постои критика за недостаток на транспарентност во јавното финансирање на организациите. Со предложеното решение во членот 49 се регулира поддршката на организациите од Буџетот на Република Македонија, буџетите на општините, општините во градот Скопје и градот Скопје. Се овозможува Владата да донесе задолжителни подзаконски акти, со што државните органи ќе се задолжат да постапуваат по одредени правила и услови.

- се воведува обврска корисниците на државни средства да се објавуваат на интернет страниците на организациите кои ги обезбедуваат средствата, што претставува важен чекор кон подобрување на транспарентноста и во однос на јавните финансии.

Одредени решенија од Предлогот на законот треба да претрпат измени. Во овој контекст беше укажано дека е потребно да се земат во предвид причините поради кои досега законот не беше донесен, односно постоењето на социокултурните разлики поврзани со слободата на здружување на малолетниците, правните и странските лица, непостоење на искуства за организации од јавен интерес во регионот, недоволноста на критериумите, вршењето на ревизијата.

Заради подобрување на одредбите кои што треба да придонесат во подобрувањето на правата и слободите на здружување потребни се измени на Предлог законот, во следните насоки:

1. Прецизно да определи дека за сојузите ќе се применуваат одредбите со кои се уредуваат здруженијата;

2. Правото за членство во меѓународни организации треба да се однесува на здруженијата и на фондациите;

3. Во членот 5 да се утврди разликата меѓу здружување на организациите и статусните промени (спојување, присоединување) имајќи предвид дека при здружувањето нема промена на правниот статус на здружените организации, додека при статусни промени постои промена на правниот статус на вклучените организации;

4. Во насока на либерализација на здружувањето, членот 15 став 2 треба да се измени, односно здружение да можат да основаат најмалку три основачи, од кои еден од основачите мора да има живеалиште односно престојувалиште на територијата на Република Македонија;

5. Иако предлогот на законот обезбедува можност за основање на организација од страна на малолетни лица (член 15, став 3) може да создадат пречки во нивното членување. На секое лице, вклучително и на малолетните лица треба да им се даде право на здружување, без дополнителни условувања;

6. Одредбите кои го регулираат актот за основање на здружението треба да се подобрат, бидејќи предложената формулација во членот 17 е

ограничувачка за најголемиот број на организации кои немаат единствени даночни броеви;

7. За да се намали товарот и пречките за остварување на слободата на здружување потребни се подобрувања во одредбите кои ги регулираат одговорностите меѓу управните и извршните органи во здруженијата и фондациите по одредени прашања. Во надлежностите на највисоките органи на здруженијата и фондациите (Собранието и Одборот) предвидени се одговорности кои не треба да бидат во нивна надлежност, како што е потребата од доставување на годишни извештаи до надлежните органи од страна на Собранието, односно Одборот. Собранието и Одборот може да управуваат односно да донесуваат и одобруваат извештаи, но не може да доставуваат извештаи. Доставувањето на извештаи е одговорност на застапникот (директорот), па согласно на тоа и прекршочните казни се за одговорното лице застапник на организацијата, а не за органите (член 23 и 35);

8. Формулацијата *да поведуваат иницијативи* во членот 14, треба да се замени со одредба *за влијание на јавни политики*, што ќе претставува силен знак за примена на Стратегијата на Владата за соработка со граѓанскиот сектор;

9. Потребно е усогласување на член 7, став 2 и член 88 кои се однесуваат на даночните и царинските олеснувања на организациите со статус од јавен интерес. Олеснувања треба да се однесуваат на сите организации, што е стекнато право со претходниот закон, а за организациите со статус од јавен интерес потребно е да се предвидат дополнителни ослободувања. По донесувањето на предложениот закон ќе биде потребно да се извршат соодветни измени во даночните закони.

10. Потребно е да се допрецизираат одредени одредби од предлог законот со цел да се обезбеди непречено функционирање на органите во организациите, пред се во здруженијата, во делот на органот кој ќе го врши застапувањето. Во предлог законот се користи формулацијата која укажува на потреба од утврдување на името на физичко лице што може да доведе до потреба за измена на статут при секој избор на застапник. За измена на статут е потребно двотретинско мнозинство, а за избори мнозинство. Ваквата одредба може да ја блокира работата на здружението (членот 25).

11. Важно прашање е можноста организациите да имаат право на избор во однос на воспоставувањето на надзорен орган. Најзастапена пракса во земјите од регионот е доброволност за дополнителен надзорен орган.

12. Потребно е да се размисли за промена на рокот за доставување на извештаите за работењето на организациите. Доколку е потребно навремено и објективно информирање, рокот до 31 март да се измени, односно до 30 јуни, бидејќи е прекраток за објавување на финансиски ревидирани извештаи, а организациите се стават во нерамноправна положба во однос на далеку помоќни институции како банки и акционерски друштва (член 53 став 3, член 85 став 1 и член 87).

13. Потребно е да се изменат прекршочните одредби со кои се предвидени глоби и за организацијата и за застапникот, бидејќи распонот на минимумот и максимумот на глобата е многу голема. Исто така да се изврши корегирање на висината на глобите во зависност од годишниот буџет на организациите, во членот 97.

14. Во предлог законот треба да предвиди дека основањето на здруженијата и фондациите може да биде на одредено и неодредено време и ако со статутот не е предвидено времето, да се смета дека основањето е на неодредено време (член 7).

Потпретседателот на Националниот совет за евроинтеграции **Силвана Бонева** изнесе мислење дека јавната расправа на Советот по Предлог законот за здуженија и фондации е во насока на јакнење на демократските процеси во Република Македонија. Дебатата по Предлог законот зборува дека граѓанските организации учествуваат во креирањето на политичкиот живот во земјата.

Во дискусијата **Кети Јандрејска Јованова** претставник од Хелсиншкиот комитет за човекови права на Република Македонија ги изнесе следните забелешки на Предлог законот:

- членот 14 со кој е предвидено дека организациите можат слободно да ги искжуваат и промовираат своите ставови и мислења за прашања од нивен интерес, да поведуваат иницијативи, да учествуваат во градење на јавно мислење, да се дополни во насока дека организациите можат активно да учествуваат и тоа не само во градење на јавното мислење, туку и во однос на креирање на политиките на Владата и донесувањето на законите. Да се предвиди решение за задолжителна обврска за вклучување на здруженијата и фондациите при институционално одлучување на централно ниво и креирање на политиките и во донесувањето на одлуките, преку користење на нивните искуства.

- ставот 3 од членот 15 е во спротивност со Конвенцијата за заштита на правата на детето каде е предвидено правото на детето за слобода на здружување. Со оглед на тоа што во ставот 3 е определено дека физичко лице може да биде член на здружението независно од неговата возраст во согласно со статутот, ставот 4 од член 15 треба да се брише.

- позитивно се оценува решението во членот 49 со кој се предвидува органите на државната управа, општините, општините во градот Скопје и градот Скопје на својата веб страна да ги објавуваат организациите кои што ги добиле средствата од буџетот на Република Македонија и буџетите на општините. Беше даден предлог во прекршочните одредби од законот да се предвиди решение за санкционирање на органите од ставот 1 во случај кога нема да постапуваат согласно ставот 4 на членот 49.

- ставот 3 од член 50 да се брише од причина што и платите на вработените во организацијата се исплаќаат од средствата на организацијата. Имено, решението во ставот 3 е во спротивност на ставовите 4 и 5 од истиот член, каде е предвидено дека средствата на организацијата не може да се исплаќаат на членови, основачи, членови на органи, застапници, вработени, или со нив поврзани лица, како и дека

вработените имаат право на плата и надоместоци во согласност со закон и колективен договор.

- Членовите 65 и 66 да се бришат од причина што постапката за забрана на работа на организациите (правните лица) е уредена со одредбите од Законот за кривична постапка и Кривичниот законик.

- воведување на одредбите за ревизија на финансиското работење на организациите се оценува дека е во насока на поголема транспарентност, со укажување дека треба да се размисли кој ќе ја плаќа извршената ревизија. Здруженијата се финансираат врз основа на проекти, а финансиите се строго наменски.

Претставникот на Фондација Институт отворено општество - Македонија, **Ана Медарска** ги изнесе следните мислења, забелешки и предлози:

- дел од предложените решенија во текстот на Предлог законот значително се разликуваат од предложените решенија во верзијата изготвена од работната група.

- имајќи предвид дека целта на законот треба да биде либерализација на правната рамка и на правото на слободно здружување во Република Македонија, предложениот закон остава простор и дилема дали целта ќе се постигне и дали одредбите од законот ќе се имплементираат во праксата.

- дел од одредбите на предложениот закон се поограничувачки решенија во споредба со одредбите од постојниот Закон за здруженија на граѓани и фондации.

- во членот 7 став 2 од предложениот закон, не се директно предвидени даночни и царински олеснувања, се остава истото да се изврши со прописите од даночната и царинската материја и не е познат временскиот период во кој треба да се донесат соодветните прописи. Како споредба беше укажано на искуството на Бугарија каде две години од воведувањето на статусот на јавен интерес, имплементација била оневозможена поради недонесување на соодветните прописи.

- недостатокот на учеството на граѓанскиот сектор при доделувањето на статусот од јавен интерес остава простор за загриженост во поглед на независноста во одлучувањето и дали воопшто организациите ќе конкурираат.

- учеството на цивилниот сектор во креирањето на политиките и прописите е од исклучително значење за демократските процеси на државата. Обврската на Владата да овозможи учество на граѓанскиот сектор во креирање на политиките е предвидено со Стратегијата за соработка на Владата со граѓанскиот сектор (2007-2011). Во оваа насока беше даден предлог во членот 14 да се предвиди соодветна формулација со која ќе се гарантира можноста на организациите да учествуваат во креирањето на политиките и прописите.

- во однос на основачкиот влог на фондацијата во членот 27, став 2, не е јасно зошто се зголемува на 10.000 евра во однос на решението од

постојниот Закон според кое имотната маса е во висина од 5.000 евра. Беше покренато прашање како ова решение ќе се одрази во фазата на пререгистрација на постојните фондации.

- во врска со членот 30 став 2, според кое правото на основачот за учество во управувањето со фондацијата не може да се пренесе на неговите наследници, се изнесе мислење дека решението е спротивно на членот 30 од Уставот на Република Македонија каде се гарантира правото на сопственост и правото на наследување.

- предложеното решение во членот 35 предвидува надлежност на одборот на фондацијата да донесува одлуки, меѓу кои и донесување на статутот, програма и други акти, да одлучува за промена на целта на фондацијата, внатрешната организација, за статусни промени, престанок на фондацијата и сл. За предложеното решение беше изнесено мислење дека ја ограничува слободата на поинакво уредување на начинот на одлучување со статутот на фондацијата. Треба да се предвиди исклучок, дека Одборот ги има овластувањата доколку оснивачот за себе не ги задржал правата. Беше изнесено мислење дека решението ќе влијае дестимулирачки на фондациите како и на формирањето на нови фондации.

- со решението од членот 56 став 1 е предвидено организациите да имаат орган за надзор. Беше изнесено мислење дека решението е во спротивност со целта за поедноставување на организационата структурата на организациите. Имајќи предвид дека во членот 77 став 1 се предвидува орган за надзор и за организацијата од јавен интерес, не е јасно разграничувањето на организациите со статус од јавен интерес и организациите без ваков статус.

- простор за загриженост оставаат и предложените критериуми за доделување на статус од јавен интерес во членот 75, за кои беше изнесено мислење дека се обемни и строги, а од друга страна недоволно прецизно формулирани и може да обезбедат дискреционо одлучување на органите кои вршат доделување на статусот од јавен интерес. Членот 75 ги става во понеповолна положба помалите организации кои немаат простор за работа, односно вработени, а имаат интерес да се занимаваат со дејности од јавен интерес. Целта на воведувањето на статусот на организација од јавен интерес е мотивирањето на граѓанските организации да се занимаваат со овие дејности.

- треба да се разграничи доделувањето на статус на организација од јавен интерес и доделувањето на јавните овластувања (член 90). Статусот од јавен интерес претставува посебен институт кој што нема за цел преиспитување на капацитетите на организациите како кај јавните овластувања, целта е организиациите да се стимулираат да вршат дејности од јавен интерес.

- најголема загриженост во поглед на доделувањето на статусот од јавен интерес остава предвиденото решение Владата да го доделува статусот, а комисијата за организации со статус од јавен интерес да одлучува за престанок на статусот. Решението беше оценето како непрактично, дека ќе влијае на ефикасноста и ќе го забави процесот на

одлучување за доделување на статусот. Во процесот се вклучени три тела, организационата единица за соработка со граѓанските организации при Генералниот секретаријат на Владата (член 81), Комисијата за организации од јавен интерес (член 80) и Владата на Република Македонија (член 79).

- во врска со членот 85 со кој е предвидено организациите со статус од јавен интерес еднаш годишно да поднесат деловен и финансиски извештај до Владата, за усвојување, беше изнесено мислење дека ќе придонесе кон неефикасно и забавено спроведување на постапката. Компаративните искуства покажуваат дека различни тела одлучуваат за доделување и за одземање на статусот од јавен интерес, независни комисии, владини тела, судови.

Со свои забелешки и сугестии во јавната расправа учествуваше и **Лидија Димова** од Македонскиот центар за европско образование. По текстот на предложениот закон беа изнесени следните мислења:

- законот за здруженија и фондации треба да ги реши трите важни проблеми во делот на граѓанското општество: независноста, односно зависноста на организациите од политичките партии, начинот на кој ќе се овозможи финансиска независност и зајакнување на организациите за да можат да креираат политики, воведување на европските стандарди од соодветната област.

Според Димова, со предложениот закон нема да се решат проблемите во граѓанските организации од причина што нема конкретни финансиски олеснувања, отсуствува посебен фонд за кофинансирање на европски проекти во делот на програмите на заедницата. Наместо предложените решенија, според Димова во законот има одредби за контрола и казни, за да се стават под контрола невладините организации.

Во дискусијата претставникот на Организацијата на потрошувачи на Македонија **Маријана Лончар Велкова** ги изнесе следните мислења, предлози и забелешки:

-заштитата на потрошувачите е предвидена како дејност од јавен интерес во членот 74, став 1 алинеја 16, веднаш под алинејата која се однесува на дејности за заштита и грижа на животните. Според мислењето на Организацијата на потрошувачи, заштитата на потрошувачите треба да биде вградена во алинејата која ги опфаќа дејностите од здравството, унапредување на здравјето и медицинската грижа

- беше даден предлог за проширување на составот на Комисијата за организации со статус од јавен интерес, во членот 79 став 3, со претставник од Министерство за економија и од Министерството за животна средина и просторно планирање. Во Комисијата треба да членуваат јавни истакнати личности кои имаат остварено придонес во соодветните области.

- потребно е да се направи јасно разграничување меѓу организациите со јавни овластувања и организациите со статус од јавен интерес.

Во дискусијата членот на Советот и претставник од Кабинетот на Претседателот на Република Македонија, **Димитар Мирчев** истакна дека овој закон ќе ја унапреди автономијата на граѓанското општество и ќе ја подобри позицијата на правото на здружување на граѓаните и фондациите.

Од негова страна беа изнесени следните укажувања насочени кон неколку сегменти од предлог законот:

- постојат одредени нејаснотии во поглед на статусот на здруженијата и организациите од јавен и од приватен интерес. За оваа област во западните правни системи и членките на Европската унија се користи терминот организиран интерес, како врвен интерес на автономијата на граѓанскиот сектор.

- членот 13 од предложениот закон треба да обезбеди автономија на организираните интереси, од политичките партии.

- беше изнесено мислење дека членот 74 каде се предвидени дејностите од јавен интерес, е преселективен и истиот не опфака многу интереси.

- различни категории од граѓанскиот сектор имаат различни видувања за состојбите, и тешко може преку законот да се обезбеди организирањето, заштитата на интересите и учеството во јавната политика.

- пристапот на законот беше оценет како позитивен, бидејќи дава можност за отворање, регистрирање и официјализирање на граѓанските организации, но не и контрола на граѓанскиот сектор од страна на Владата.

- да се разгледа можноста за проширување на концептот на законот во однос на организираните интереси, на други форми како што се интересни групи и лоби групите.

Претставникот на Црвениот крст на Република Македонија **Виолета Кузмановска** се осврна на проблемот кој настанал уште од 1998 година со донесувањето на Законот за здруженија на граѓани и фондации. Црвениот крст на Република Македонија не претставува здружение на граѓани формирано од неколку основачи или членови. И покрај тоа што за Црвениот крст на Република Македонија постои посебен закон, уписот на оваа организација бил во регистарот на здруженија и граѓани, согласно Законот за здруженија на граѓани и фондации. При регистрацијата на општинските организации на Црвениот крст, истите се регистрирани како здруженија.

Од Министерството за правда, се очекува да даде мислење дали е потребно да се воведе посебен регистар на невладини организации кои се формирани со закон. Во оваа насока се постави прашање дали организацијата согласно новиот Закон за здруженииja и фондации ќе треба да изврши пререгистрирација. Според Законот за Црвениот крст на Република Македонија, во кој се пренесени надлежностите од Женевските конвенции од 1949 година, организацијата врши дејности од јавен интерес и има јавни овластувања.

Членот на Националниот совет за евроинтеграции, пратеникот **Александар Николоски** во дискусијата ги изнесе следните мислења и предлози:

- има потреба за донесување на закон за здруженија и фондации со кој ќе се придонесе за подобро функционирање на граѓанските организации и ќе се надминат слабостите од примената на Законот за здруженија на граѓани и фондации.

- предложениот текст на законот беше оценет како еден од најлибералните текстови на закони, ќе овозможи здруженијата на граѓани, како постојните така и организациите кои што ќе се формираат во иднина, да можат да работат и да го најдат своето место во општеството.

- според Николовски, во деведесетите години кога најинтензивно се создаваше граѓанскиот сектор во Република Македонија, главниот фокус на секторот не беше само домашен туку и регионален. Регионалните проблеми во тој период ја наметнале потребата во државата да се создаде простор кој што ќе има свое регионално влијание. Формирањето на граѓанските организации кое што во главно доаѓало од надвор создало исклучително квалитетен кадровски потенцијал во рамките на здруженијата на граѓани. Со постепеното надминување на проблемите во регионот, постепено се напуштала првичната улога на граѓанскиот сектор во Република Македонија, при што значаен број на моќни здруженија на граѓани неможеле да го најдат просторот на дејствување во рамките на постојните законски решенија.

- за прв пат со законската регулатива и согласно европската пракса, се овозможува организациите да се стекнат со статус од јавен интерес, односно да превземат дел од одговорностите кои во моментот ги има државата, во соработка со соодветните институции.

- беше изнесено позитивно мислење за решението со кое се предвидува пререгистрација на здруженијата, истото е во насока на добивање на конкретен број на здруженијата на граѓани кои навистина функционираат, како и за да се следи степенот на развој на граѓанскиот сектор.

- предложениот закон дава можност за поголема конкурентност на граѓанските организации и поорганизирана форма на здружување.

Извршниот директор на граѓанската асоцијација МОСТ, **Дарко Алексов** ги изнесе следните коментари и препораки на предложениот закон:

- во членот 13 став 1, по зборовите "конкретна политичка партија", да се стави точка, а зборовите "и да влијаат на изборите" да се бришат, од причина што не е прецизно, а легитимно право на организациите е да учествуваат во креирањето на јавното мислење, предвидено и со членот 14 од предложениот закон. Предлагачот на законот треба сериозно да го разгледа членот 8 од Лисабонскиот договор во кој прецизно се наведени обврските и правата на цивилното општество по прашањето за процесот на креирање на политиките и донесувањето на одлуките. Од круцијално значење е давањето на можноста организациите да учествуваат во процесот на креирање на политиките.

- загрижувачко е искуството од претходните избори со појавата на одредени организации формирани само во тој период и со сомнителни финансии, за кои досега не се предвиделе соодветни казнени одредби.

- беше поставено прашање зошто членовите на комисијата од членот 79 став 3, немаат овластување да донесат одлука дали одредена

организација ќе се стекне со статус од јавен интерес, туку е предвидено за ова прашање да одлучува Владата на Република Македонија.

- беше побарано појаснување зошто во членот 85 од предложениот закон е предвидено организацијата со статус од јавен интерес за својата работа еднаш годишно до Владата на Република Македонија да поднесува деловен и финансиски извештај, одобрен од органот определен со статутот. Доколку со статус од јавен интерес се определи организација која нема да врши јавно овластување, а средствата ги добива од странски донатор, во ваков случај решението не претставува олеснување за цивилното општество. Ова од причина што кај организациите постојат неколку нивоа на финансиска и деловна контрола.

Во дискусијата Извршниот директор на Истражувачкиот центар за граѓанско општество **Суад Мисини** се осврна на правото на здружување при што изнесе мислење дека истото најмногу недостасува во предложениот закон. Постојат извесни ограничувања на финансискиото и административното функционирање на организациите.

Според Мисими, се уште не е препознаена суштината на постоењето и функционирањето на граѓанскиот сектор, што се гледа во одредени делови од текстот на предложениот закон каде државата сака да се заштити од граѓанскиот сектор.

Во однос на решението со кое се предвидува должноста организациите од јавен интерес да извршат годишна ревизија за своето работење, Мисими изнесе дека контролата кај организациите е најголема од страна на донаторите.

Беше поставено прашање дали за предложениот закон е извршена проценка на влијанието на регулативата.

Во текстот на Предлог законот треба да се надминат нејаснотиите околу регулацијата на невладините организации, концептот на организациите, јавните овластувања, статусот од јавен интерес, и дали работата на невладините организации претставува лобирање.

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА НАЦИОНАЛНИОТ СОВЕТ ЗА
ЕВРОИНТЕГРАЦИИ,
Радмила Шекеринска

Подготвил: И. Коробар, Ј. Трпкова, Г. Котевски
Контролирал: И. Коробар
Одобрил: Д.Велковска